РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 08-5725/3
04-08-2025 20 год. / viti

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на Република Македонија" бр.52/10, 135/11 и 55/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.239/22 ) и Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2025 година ("Службен Весник на РСМ" бр.93/25), Министерството за социјална политика, демографија и млади, распишува

**Јавен повик**
**за финансиска поддршка на здруженија и фондации**

Распределбата на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија за 2025 година (Раздел 15001, Програма 11, Ставка 463 – трансфер до невладини организации, 463110 – трансфер до здруженија и фондации) наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации, ќе се врши согласно Процедурата за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите бр.08-5725/1 од 01.08.2025 година, Националната стратегија за млади (2023-2027), Програмата за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младински чадор организации за 2025 година ("Службен Весник на РСМ" бр.93/25). Распределбата ќе се врши врз основа на Одлука бр.08 5725/2 од 04.08. 2025 година, донесена од министерот за социјална политика, демографија и млади, на предлог на Комисија формирана од министерот.

**1. Видови на проекти кои ќе бидат поддржани**

Средствата од Буџетот на Министерството за социјална политика, демографија и млади во вкупен износ од 2.626.000,00 денари, ќе се користат за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите, преку финансиска поддршка за програми (проекти) на следниов начин:

**Вонредна постапка**: Финансиската поддршка не надминува повеќе од 300.000 денари од предлог буџетот во проектот, од обезбедените финансиски средства во вкупна висина од 2.626.000,00 денари во следниве приоритетни тематски области:

| | Опис на областите |
|---|---|
| | Младинско учество |
| | Младинска работа |
| | Младинско информирање |
| | Квалитет на живот |
| | Вработување и поддршка пред вработување |


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

За остварување на следните цели

| | Опис на целите |
|---|---|
| 1) | Зајакнување на влијанието на младите во сите процеси на донесување одлуки на локално и национално ниво врз основа на соодветна правна рамка |
| 2) | Препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите |
| 3) | Оспособување на младите со знаења и вештини за медиумска и дигитална писменост кои препознаваат дезинформации и ги артикулираат сопствените интереси и ставови како активни граѓани во општеството со развиена критичка свест |
| 4) | Зголемување на свеста и имплементација на мерки за намалување на врсничко насилство, родово базирано насилство, сајбер безбедност и дигитална хигиена во рамките на образовните институции и |
| 5) | Креирање на иновативни решенија за намалување на невработеноста на младите и промоција на мерки за самовработување и претприемништво |

**2. Временска рамка и вкупно предвидени/достапни средства**

Средствата ќе се доделуваат еднократно за 2025 година. Рокот за реализација на проектот е од 1 до 12 месеци од денот на потпишувањето на договорот со Министерството за социјална политика, демографија и млади.

**3. Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите што учествуваат на овој јавен повик се:

1. Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации;
2. Да се регистрирани во Регистарот на младински организации, организации за млади и чадор младински организации;
3. Да работат не помалку од една година од денот на нивното регистрирање во Регистарот на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија, пред денот на објавување на повикот;
4. Во последниот наративен и финансиски извештај да имаат спроведено минимум две активности со или за млади;
5. Да работат со млади и чии активности се однесуваат на младите и имаат искуство во реализација на програми или активности со млади на локално, регионално, национално или меѓународно ниво;


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

6. Спроведуваат активности што се однесуваат на развој на статусот на младите во општеството, остварување на правата и обврските на младите, едукација, унапредување на статусот на маргинализираните групи на млади лица, потикнување на критичната мисла кај младите, потикнување на научни и истражувачки активности кај младите и младинската работа и младинското учество и
7. Не спроведуваат активности кои содржат елементи на говор на омраза, потикнуваат насилство, меѓуетничка нетрпеливост или дејствуваат спротивно на Уставот и правните норми во Република Северна Македонија

**4. Проценка на квалитетот на проектите**

Проценката на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат основните организациски критериуми, ќе се врши врз основа на следните општи критериуми:

| **Области** | |
|---|---|
| **1. Организациски капацитети** | |
| 1.1. предлог проектот да е во согласност со мисијата и целите на субјектот – предлагач | |
| 1.2. субјектот – предлагач да има соодветно искуство од минимум 1 (една) година во спроведување на слични проекти или активности | |
| 1.3. Кај субјектот – предлагач да постојат соодветни капацитети (човечки и материјални) кои би биле во насока на имплементација на предложените активности | |
| 1.4. Субјектот – предлагач да вклучува волонтери во неговата работа при реализација на предлог проектот | |
| 1.5. Субјектот – предлагач да има годишна програма за работа, Стратегија или Акциски план | |
| **2. Оценка на предлог проектот** | |
| 2.1. Релевантност на предлог проектот | |
| 2.2. Ефективност и ефикасност на проектните активности | |
| 2.3. Партиципација на целните групи | |
| 2.4. Одржливост на предлог проектот | |
| 2.5. Очекувани мерливи резултати од предлог проектот | |
| 2.6. Буџетска ефикасност на предлог проектот | |
| 2.7. Производи од проектните активности | |
| 2.8. Видливост на предлог проектот | |

Секоја област од специфичните критериуми поврзани со Акцискиот план за имплементација на Националната стратегија за млади на Република Македонија и


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

општите критериуми ќе се вреднува со 0, 3, или 5 бодови, со следното значење: 0-не е исполнет критериумот; 3 - делумно исполнет и 5 - целосно исполнет бараниот критериум.

**5. Потребна документација која здружението / фондацијата треба да ја достави**

Здруженијата и фондациите кои учествуваат на јавниот повик треба да достават:

1. Пријава за финансиска поддршка (со печат и потпис од овластен застапник);
2. Предлог – проект (со печат и потпис од овластен застапник) ;
3. Статут ( заверен ) и решение за регистрација на здружението или фондацијата;
4. Копија од решението за упис во регистарот за младински организации, организации за млади и чадор младински организации
5. Наративен извештај за изминатата фискална година (2024) (со печат и потпис од овластен застапник);
6. Завршна сметка на здружението или фондацијата за претходната година (2024);

Здруженијата и фондациите не можат да поднесат повеќе од една пријава за финансиска поддршка на јавниот повик.

***Напомена: Пријавите со непотполна документација (од точка 6) или пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат!***

***Доставените прилози не се враќаат.***

**6. Рокот и начин на доставување на пријавите**

Рокот за поднесување на пријавите е најдоцна до **06.08.2025 година.**

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта со назнака **„НЕ ОТВАРАЈ“ за ЈАВЕН ПОВИК за финансиска поддршка на здруженија и фондации,** на адреса:

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**
**Сектор млади**
**Ул. Даме Груев бр.14**
**1000 Скопје**

или да се доставаат лично во архивата на Министерство за социјална политика, демографија и млади од 7: 30 до 16:30 часот.

Здруженијата и фондациите учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2025 година наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации, преку веб-страната на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Пријавата за финансиска поддршка на здруженија и фондации, како и Образецот на Предлог-проектот се достапни на веб-страната на Министерство за социјална политика, демографија и млади.

Прашања за појаснување може да се поставуваат по електронски пат до Министерство за социјална политика, демографија и млади, на адреса mtsp@mtsp.gov.mk


Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија

Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

Rr. "Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk